Зад секоја успешна компанија стои силен тим. ФМС ДООЕЛ претставува млада компанија со просперитетен тим кој професионално пристапува и одговара на сите предизвици.

Секој од нас е специјалист во своето поле на работа и посветен на потребите и барањата на клиентите. Компанија ориентирана кон изнаоѓање решенија, со единствена цел, да обезбеди квалитет со висок степен на економска оправданост.

Имајќи го предвид нашето разбирање и моќта на тимот, работиме заедно кон постигнување на нашите цели и заеднички ги прославуваме нашите успеси.

Ако барате стабилност, професионален раст, долгорочна кариера и технолошки предизвици во успешни компании, дојдете и придружете ни се уште денес!

ФМС ДООЕЛ објавува оглас за вработување на професионални кадри од областа:

**НАБАВКИ И ДОСТАВА**

**Опис на работата:**

- По налог на раководител вршење набавки за потребите на компанијата, спремање на роба во магацин и дистрибуција на стока со службено возило на Друштвото;
- Одговорен за утовар и истовар на стока од/во возилото;
- Подигање на стока од царински склад;
- Контрола на стока-при превоз и при подигање/оставање како и проверка на пропратна документација (фактури,испратници,повратници);
- Одговорен е за возниот парк на друштвото, односно се грижи за сервисирање на возилата, навремена регистрација и други работни активности по налог на одговорно лице;
- Достава на документација;
- Врши и други работи кои спаѓаат во делокругот на работењето;

**Потребни квалификации:**

- Завршено средно образование;
- Искуство во работата најмалку 2 години;
- Возачка дозвола Б категорија.

**Што нудиме:**

- Мотивирачка атмосфера и плата по договор;
- Полно работно време од пон-петок од 07:30-15:30.
- Колективно осигурување од несреќа;
- Можност за напредување во кариера.

Доколку сметате дека ги исполнувате наведените услови и сте заинтересирани за нови предизвици и постојан развој на Вашата кариера, испратете Ваша кратка биографија (CV) на следната email адреса: jobs@fms.com.mk, или јавете се на телефонскиот број 072261073.